Бојана Дујковиќ - Благојевиќ

# Училишниот живот во Кралството Југославија



Клучно прашање

# Кои биле најдобрите, а кои најлошите аспекти на образованието во Кралството Југославија?

**Тема**

Овој модул се однесува на образованието во Кралството Југославија во периодот 1918 - 1941 година, поточно за положбата на децата во образовниот систем. Темата е одбрана поради можните сличности со децата денес, како и поради тоа што е интересна за работа. Односот на децата кон училиштето и училишните обврски, но воедно и поради детските правата – некогаш и сега. Намерата е да се покаже колку тие односи се променети во изминатите 80 години. Темата е релевантна за целиот регион, бидејќи се однесува на сите земји од некогашното Кралство Југославија и ги покажува разликите помеѓу децата во самиот образовен систем.

**Очекувани резултати**

- Осознавање на положбата на младите во училишниот систем на Југославија пред Втората светска војна
- Развивање на вештината емпатија
- Вреднување на историските извори, во смисол на нивната релевантност и веродостојност (официјални документи наспроти усни сведоштва и сл.)
- Проценување на разлики и сличности, како и споредба на училишниот систем некогаш и денес
- Интерпретирање на изворите и анализа на родовите прашања во училишниот систем

**Цели**

- Запознавање со воспитно-образовната улога на училиштата во Кралството Југославија
- Поттикнување на расправа за улогата на образовниот систем денес, врз развојот на младите во денешните изменетите околности

**Упатство за наставници**

Наставникот ќе им го прочита на учениците воведот и ќе ја објасни темата на часот. Работилницата има две фази – првата фаза е индивидуална работа и работа во парови, а другата фаза е групна работа и претставување на резултатите

45 минути

**Чекор 1**

Вовед (контекстуализација) – наставникот ги чита воведот и изворот 1, по што на учениците им ја покажува фотографијата (извор 2). Учениците одговараат на предложеното прашање.

**Чекор 2**

Индивидуална работа – Анализа на фотографијата и пополнување на табела; извори 3, 4 и 5 дадени на картата. Учениците треба да ги пополнат празните места. Наставникот по случаен избор бара од учениците усно да објаснат што напишале и да образложат зошто. На крајот од оваа активност, наставникот дава информации за изворите (каде се направени фотографиите, во која земја и кога).

Предложени прашања за дискусија

1. Дали постои разлика помеѓу учениците на фотографиите?
2. Како изгледаат учениците?
3. Кои би можеле да бидат главните причини за разлика меѓу учениците?
4. Како е денес? Постојат ли значајни разлики помеѓу учениците на ваши години?
5. 

**Чекор 3**

Работа во парови – читање на изворите и анализа на училишните предмети; Задачата е да се анализираат изворите 6 и 7, како и да се пополнат табелата. Наставникот по случаен избор бара од учениците да ги одговорат и објаснат своите одговори во табелата.

**Чекор 4**

Групна работа – читање и анализа на извори, претставување на резултатите; учениците треба да бидат поделени во 3 групи. Секоја група има по 3 извори за анализа.

- Група 1 – анализа на извори за казнувањето на учениците во училиштата;
- Група 2 – анализа на извори за положбата на девојчињата во училиштата
- Група 3 – анализа на извори за работните обврски на учениците и нивното однесување.

Секоја група има исти задачи – да ја пополни дадената табела и да ги претстави своите резултати. Наставникот може, додека учениците работат во групи, да ги напише предложените одговори на табла, а додека учениците ги претставуваат резултатите од групната работа, да ги испише резултатите. По тоа, учениците одговараат на клучното прашање – кои биле најдобрите и најлошите на аспекти на образованието во Кралството Југославија?

# Задача 1

## Индивидуална работа

***Вовед***

Извор **1**

**Училиште – куќа на куќа**

"Најпрвин ме зачуди самото училиште. Беше тоа двоспратна зграда. Види, дедо, па училиштето е куќа на куќа! Мислев дека една куќа е ставена врз друга, бидејќи дотогаш немав видено куќа на спрат. Во училницата најмногу ме изненади глобусот. Прашав еден што е тоа, а тој вели лубеница. Прашувам: А што бара лубеницата на орманот?, а тој ми вели: Го тргнале од лопови како тебе! Потоа прашувам друг за троножната табла, за која ми рече дека е ништо, а за бројалката рече дека е нешто. Така од првиот ден дознав што е лубеница, што е ништо и што е нешто".

*Branko Ćopić 1915 – 1984.* Šta ga je začudilo u školi ; Preuzeto iz *Ježeva kućica,* Kreativni centar 2007, 31.

Извор **2**

**Девојче пишува домашна задача**



MilankaTodić, *Istorija srpske fotografije 1839-1940, Prosveta, Beograd, 1993.*
http://www.udi.rs/articles/Milanka%20Todic_Istorija%20srpske%20fotografije%201839-1940.pdf
Downloaded November 1st, 2012.

**Прашање**

1. **Какви биле условите за учење на девојчето од фотографијата и момчето од изворот?**

## Задача 2

**Индивидуална работа**

**Погледни ги фотографиите и одговори на прашањата од табелата. Кои се главните разлики помеѓу овие фотографии?**

Извор **1**

**ЈАБЛАНИЦА (Босна и Херцеговина)**

На кој период му припаѓа фотографијата?

Која е возраста на учениците на фотографијата?



Како се облечени учениците на фотографијата?

Што е прикажано на фотографијата?

## Задача 2

**Индивидуална работа**

**Погледни ги фотографиите и одговори на прашањата од табелата. Кои се главните разлики помеѓу овие фотографии?**

Извор **2**

**ПРИЗРЕН (Косово)**

На кој период му припаѓа фотографијата?

Која е возраста на учениците на фотографијата?



Како се облечени учениците на фотографијата?

Што е прикажано на фотографијата?

## Задача 2

**Индивидуална работа**

**Погледни ги фотографиите и одговори на прашањата од табелата. Кои се главните разлики помеѓу овие фотографии?**

Извор **3**

**КАРЛОВАЦ (Хрватска)**

На кој период му припаѓа фотографијата?

Која е возраста на учениците на фотографијата?



Како се облечени учениците на фотографијата?

Што е прикажано на фотографијата?

## Задача 3

**Работа во пар**

1. **Пронајди ги разликите во списокот на предмети од 1926 и 1939 година!**
2. **Колку ги има?**
3. **Пополни ја табелата и воочи ги главните сличности и разлики меѓу училишните предмети кои се учеле на училиште во минатото и денес и кажи што мислиш за тоа што твоите деца ќе учат во иднината!**

Извор **1**

**Училишни предмети од 1926 година**

1. Наука за вера и морал
2. Српско-хрватско-словенски јазик
3. Почетна настава
4. Географија
5. Историја на Србите, Хрватите и Словенците
6. Геометриски пресметки
7. Познавање на природата
8. Цртање
9. Убаво пишување
10. Рачна работа, машки и женски
11. Пеење
12. Гимнастика и детски игри

*M. Papić, Školstvo u BiH1918 - 1941, Sarajevo 1984.*

Извор **2**

**Училишни предмети од 1939 година**

1. Однесување
2. Наука за верата и моралот
3. Српско-хрватски јазик
4. Почетна настава
5. Географија
6. Народна историја
7. Геометриски пресметки
8. Познавање на природата
9. Практични и земјоделски познавања и умеења
10. Цртање
11. Убаво пишување
12. Рачна работа
13. Пеење
14. Гимнастика и детски игри

*Jurica Marinko, 1. 9. 1939, Banovina Hrvatska, Srez Dubrovnik. Privatna arhiva.*

| | ГЛАВНИ ПРЕДМЕТИ | ВЕШТИНИ |
|---|---|---|
| Кралство Југославија | | |
| Мојата земја 2013+ | | |
| Иднина | | |

## Задача 4
## Групна работа

**Група 1**
**– анализа на извори кои говорат за казнување на ученици**

Извор **1**
### Физичко казнување на ученици

Видот на казна била работа на наставникот. Физичките казни наставниците вообичаено ги извршувале со прачка. “За удирање по дланките и задникот наставникот одбирал прачка која лесно се витка, но тешко се крши. Учениците ги удирал по дланките или ги легнувал преку столче, со левата рака придржувајќи ги пантолоните, а со десна удирал. Се казнувало и со линијар по ноктите на собраните прсти. Постоел и обичај на клечење на колена, стоење во ќош. (...) Родителите многу ретко се бунтувале против таквите казни”.

*Svjedočanstvo ing. Omanovića, koji je išao u narodnu osnovnu školu u Cazinu devedesetih godina XIX vjeka.*
M. Papić, *Školstvo u BiH za vrijeme Austro-Ugarske 1878-1918, Sarajevo 1972, str. 178.*

Извор **2**
### Видови на казнување

“Наставниците ја одржуваа дисциплината во училиштата со својата лична работа и пример, а доколку и тоа не им успевало, тогаш неуредноста и лошото однесување го казнуваа со физички казни и на разни други начини. (...) Обично физичките казни биле вршени со прачка, а покрај тоа постоеше и казнување со затвор, клечење и сл. (...) Родителите многу ретко се противеа на ваквите казни”.

V. Bogićević, *Istorija osnovnih škola u BiH (1878 – 1918), str. 213*

Извор **3**
### Казнување со прачка



*MilankaTodić, Istorije srpske fotografije 1839-1940, Prosveta, Beograd, 1993.*
*http://www.udi.rs/articles/Milanka%20Todic_Istorija %20srpske%20fotografije%201839-1940.pdf Downloaded November 1st 2012.*

| КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА | МОЈАТА ЗЕМЈА |
|---|---|
| СЛИЧНОСТИ | РАЗЛИКИ |
| Извор 1 | |
| Извор 2 | |
| Извор 3 | |

## Задача 4
### Групна работа

**Група 2**
**– анализа на извори кои говорат за образованието на девојчиња**

Извор **1**
**Вклучување на девојчињата во образовниот систем**

"Уште во време на Австро-унгарија, во БиХ во јавноста биле водени дискусии за образованието на девојчињата. Меѓутоа, се сметало, така барем произлегува од она што е напишано, дека жената е предодредена за домаќинство и само некои професии поврзани со образованието на децата. Така по цели 40 години работа на гимназиите, во нив не се запишало ниту едно девојче. (...) Женските ученици многу срамежливо и споро се вклучувале во редовна настава во гимназиите. Полагале приватни испити, и само во неколкуте последни години од окупацијата, започнале помасовно да стекнуваат знаење во гимназиите. Владата дури во август 1918 година дозволила ученичките кои полагале приватно прва и втора година, да се запишат во редовна настава во трета година гимназија. Дури по Првата светска војна конечно е укинато ова ограничување и женските ученици започнаа да се запишуваат во гимназија и тоа во почетокот само во посебни женски паралелки".

*M. Papić, Školstvo u BiH1918 - 1941, Sarajevo 1984, str. 114*

Извор **2**
**Женско занатско училиште**

1. Стручна практична работа
2. Цртање на кроеви
3. Српско-хрватско-словенечки јазик
4. Сметководство и калкулација
5. Познавање на стока и домаќинство
6. Историја и географија
7. Декоративно цртање
8. Веронаука
9. Хигиена
10. Гимнастика
11. Пеење

Zoran Ivanović, *Zvornički spomenar*, Prometej, Novi Sad, 2002.

Извор **3**
**Ученици во женско училиште**





| КРАЛСТВО ЈУГОСЛАВИЈА | МОЈАТА ЗЕМЈА |
|---|---|
| **СЛИЧНОСТИ** | **РАЗЛИКИ** |
| Извор 1 | |
| Извор 2 | |
| Извор 3 | |

## Задача 4

## Групна работа

**Група 3**
**– анализа на извори кои говорат за обврските и однесувањето на учениците**

Извор **1**

**Работни обврски на учениците**

"Во училиштето работеа учителите Мирјана и Спасан Тодиќ, а управник на училиштето беше Иво Краљевиќ. Учителскиот пар Тодиќ и управникот Краљевиќ живееа во станови сместени во училишната зграда. Учениците по одделениа учеа во две училници (I и II, III и IV заедно). Покрај учењето, учениците работеа и во училишната економија, па дворот, градината и овоштарникот беа многу уредени. Учителите чуваа и стока, нарочно овци и свињи. Работата во училишната економија не беше тешка, но за учениците беше задолжителна. (...)
Родителите имаа за обврска да обезбедат дрва за огрев за потребите на училиштето, а учениците ги редеа (...) Во училиштата се престојуваше долго и секој ученик во торбата носеше нешто за јадење. Веронаука имавме во четврток, а во петок училиштето не работеше бидејќи учителите одеа во општината и во срезот. Саботата беше работен ден".

Sjećanja Mišić (Đorđa) Nedeljko – 100 godina osnovne škole u Boljaniću, Doboj 1996, str. 78

Извор **2**

**Учителска школа во Бања Лука, наредба за почеток на училишната година 1930/31.**

"(...) Во интернатот ќе се примаат сиромашни ученици со многу добар успех и поведение, доколку има место, со стан и исхрана, а одреден број на ученици само со исхрана (...) И за време на распустот однесувајте се пристојно, ширете ја писменоста, сузбивајте го алкохолизмот и празноверието".

*Vrbaske novine, br 35, od 24. jula 1930, str* 10.

Извор **3**

**Однесување надвор од училиштето**

"Кон крајот на третата деценија од XX век, учениците во граѓанското училиште во Бања Лука задолжително мораа да носат капи и училишни униформи. Движењето на учениците на улица беше дозволено само до 20:00 часот. Доколку некој наставник затекне ученик на улица по ова време, тој ученик би добил укор од Наставничкиот Совет или некоја друга казна".

*Olga Kunaica, 1928 – 2013.* Interwieved in O ctober 2011.

Извор **4**

**Воспитната улога на училиштето**

"Гимназиите покрај образовната, одиграле и уште една важна улога во развојот на младите – воспитна. Во нив дисциплината била на многу високо ниво. Училишната униформа се носела и надвор од училиштата, а оние ученици кои би биле забележани од својот наставник надвор од училиштата во доцните вечерни часови, биле казнувани со укор".

*Живот во Скопје 1918-1941; Просветни прилики Алла Качева, Славица Христова, Татјана Горгоевска; Музеј на град Скопје.*

| КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА | МОЈАТА ЗЕМЈА |
|---|---|
| СЛИЧНОСТИ | РАЗЛИКИ |
| Извор 1 | |
| Извор 2 | |
| Извор 3 | |